**20161894164**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА - КФВ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ „НАВОДНУВАЊЕ НА ЈУЖНАТА ДОЛИНА НА РЕКАТА ВАРДАР – ФАЗА II“**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КфВ по Договорот за заем за проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар – фаза II“,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 октомври 2016 година.

Бр. 08-4293/1
12 октомври 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА - КФВ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ „НАВОДНУВАЊЕ НА ЈУЖНАТА ДОЛИНА НА РЕКАТА ВАРДАР – ФАЗА II“**

Член 1

Во Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова - КфВ по Договорот за заем за проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар – фаза II“ („Службен весник на Република Македонија“ број 133/2009 и 36/11), членот 5 се менува и гласи:

„Корисник на средствата од заемот од членот 1 од овој закон е Република Македонија, а крајни корисници на системите за наводнување изградени во рамките на Проектот „Наводнување на јужната долина на реката Вардар – фаза II“ финансиран од овој заем ќе бидат земјоделските задруги.“.

Член 2

Членовите 6, 7 и 8 се бришат.

Член 3

Членот 9 се менува и гласи:

„Република Македонија, заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.“.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.